РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08 Бр.6/ 88 од 2.6. 2025 год.

Врз основа на член 110 и член 173 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), член 41 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018) и член 62 точка 8 од Статутот на Архитектонскиот факултет – Скопје (Универзитески гласник бр. 473/2019), Наставно - научниот совет на Факултетот на 10. седница одржана на 2.6.2025 година донесе

# О Д Л У К А
## за избор во наставно-научно звање редовен професор

1. Д-р **Горан Мицковски**, вонреден професор на Архитектонскиот факултет-Скопје, се избира во звањето редовен професор во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: Архитектонско проектирање (2.01.02.01), на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Одлуката, со пропратната документација, да се достави до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за потврдување на изборот во предложеното звање.

*О б р а з л о ж е н и е*

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско инженерство (2.01.02.04), објавен во дневните весници„ Вечерпрес " и „Коха" на 7.4.2025 година, се пријави д-р Горан Мицковски, вонреден професор на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонски факултет-Скопје.

Со одлука на Наставно- научниот совет, бр. 08 - 6/74, од 25.4.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Александар Радевски, редовен професор на Архитектонскиот факултет, претседател, д-р Марија Мано Велевска, редовен професор на Архитектонскиот факултет, член и д-р Ана Ивановска Дескова, редовен професор на Архитектонскиот факултет, член.

Рефератот е објавен во Универзитетскиот билтен број 1330 на 15.5. 2025 година.

Согласно Извештајот (Рефератот) и Предлогот на Рецензентската комисија, Наставно-научниот совет, на 10. седница одржана на 2.6.2025 година, донесе одлука како во диспозитивот.

Д е к а н,

Проф. д-р Анета Христова Поповска

Доставено до:
-Архивата
-Универзитет „Св Кирил и Методиј"во Скопје
-Именуваниот наставник
-Човечки ресурси